**20151293771**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2015 година.

Бр. 08-3400/1
29 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009 и 136/11), во членот 15 став 1 по зборот „место„ се става запирка и се додаваат зборовите: „придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за вработеното инвалидно лице, придонес за пензиско и инвалидско осигурување за сите вработени во заштитното друштво“.

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.